ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 04-303/18
30.05. 2025 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 20-г, 20-д и член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), 37-м од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 22 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), Правилникот за систематизација на работни места во ЈПВ Лисиче-Велес број 01-204/1 од 28.04.2020 година, а в.в. Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈПВ Лисиче-Велес број 01-76/1 од 31.01.2023 година и број 01-168/1 од 20.03.2023 година и Известувањето од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 19-2534/2 и 19-2797/2 од 13.05.2025 година, ВД Директорот на ЈПВ Лисиче-Велес донесе:

О Д Л У К А

за избор на кандидат по Јавен оглас бр.01/2025 за вработување на 1(едно) помошно техничко лице во ЈПВ Лисиче-Велес

1. По Јавниот оглас бр.01/2025 објавен на ден 21.05.2025 година во дневните весници „Вечер“, “Слободен печат“, „Коха“ , во АВРСМ и на веб страната на ЈПВ Лисиче-Велес за вработување на 1(едно) помошно-техничко лице во ЈПВ Лисиче-Велес, се изврши следниот избор:

   - За работното место Портир- евидентичар, со статус на помошно-техничко лице со шифра КДР 0405 А02 002 се избира кандидатот:
     - Томче Китановски од Општина Чашка

2. Изборот е изршен врз основа на пријавата од кандидатот кој ги исполнува условите и ранг листата за предлог- одлуката за избор по Јавен оглас бр. 01/2025.

3.Избраниот кадидат ќе биде вработен на работно место за кое беше распишаN Јавен огла. По завршувањето на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука ќе се склучи Договор за вработување на неопределнео време.

4. За извршениот избор ќе бидат известени пријавените кандидати.

5.Одлуката ќе биде објавена на огласна табла на ЈПВ Лиисче-Велес и на интернет страницата на ЈПВ Лисиче-Велес.

6.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 21.05.2025 година во дневните весници „Вечер“, “Слободен печат“, „Коха“ , во АВРСМ и на веб страната на ЈПВ Лисиче-Велес е објавен Јавен оглас бр.,01/2025 за вработување на 1(едно) помошно-техничко лице во ЈПВ Лисиче-Велес на работно место Портир-евидентичар, со статус на помошно--техничко лице со шифра КДР 0405 А02 002.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на 1(едно) помошно-техничко лице во ЈПВ Лисиче-Велес , Портир-евидентичар по пат на Јавен оглас бр. 01/20205, формирана со Решение на ВД Директорот на ЈПВ Лисиче-Велес број 04-309/2 од 20.05.2025 година, изврши проверка на доставените пријави , за што состави Записник број 04-309/6 од 29.05.2025 година и спроведе интервју со уредно пријавениот кадидат.

Врз основа на ранг-листата за избор по Јавен оглас број 01./20205, ВД Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука,

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Одлука незадоволниот кадидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањео на огласната табла на ЈПВ Лиисче-Велес и на веб страната на ЈПВ Лисиче-Велес.

Доставено до:
-именуваниот
-архива

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

ЈПВ “Лисиче“-Велес
ВД Директор
Ванче Маневски